**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**
**НА ОПШТИНА ОХРИД**

| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д**<br>**30.10.2020 год.**<br>**БРОЈ 13 ГОДИНА 55** |

## С О Д Р Ж И Н А

| **Реден број** | **Име на одлука** | **Страна** |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за давање на трајно користење на недвижен имот, сопственост на општина Охрид на ЈП Градски Пазар Охрид. | **2** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ, СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање на трајно користење на недвижен имот, сопственост на општина Охрид на ЈП Градски Пазар Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.10.2020 година.

**Број 09-9732/4**
**30.10.2020 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) , член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), а согласно член 3 став 2 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и 101/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.10.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ, СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава на трајно користење недвижен имот во сопственост на Општина Охрид, на ЈП Градски Пазар Охрид - недвижен имот опишан во Имотен лист бр. 168134 за КО Охрид 3 и тоа:
КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1 , влез 1 кат ПО бр. 1-ГМ со внатрешна површина од 98 м2,
КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 1, кат ПР.бр. 19 WC, ДП со површина од 14 m2,
КП.бр.14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 1, кат ПР. 20 WC, ДП со површинаод 14 м2,
КП.бр.14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 1, кат ПР. 21 WC, ДП со површина од 15 м2,
КП.бр.14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 1, кат ПР. Бр. 4, ДП со површина од 34 м2,
КП.бр.14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 1, кат ПР. Бр 5, ДП со површинаод 35 м2,
КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1 влез 3, кат 2 бр. 10 А со површина од 105 м2,
КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 3 кат 2 бр. 10 ПП со површина од 19 м2,
КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 3 кат 2 бр. 11 А со површина од 68 м2, и
КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 3 кат 2 бр. 28 WC, ДП со површина од 9 м2.

**Член 2**

Наведениот имот од член 1 на оваа одлука се дава на трајно користење на ЈП Градски Пазар Охрид без надомест заради вршење на основната дејност.

**Член 3**

Сите трошоци за одржување и користење на недвижниот имот (трошоци за тековно одржување, хигиенско-техничко одржување, струја, вода, греење, ладење, интернет конекција и сл.) ќе ги сноси корисникот ЈП Градски Пазар Охрид.

Општина Охрид има обврска да стави прибелешка за правото на користење во јавните книги за запишување на правата врз недвижностите, во Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Охрид да склучи договор со директорот на на ЈП Градски Пазар Охрид, со кој поблиску ќе се уредат правата и обврските за користење на недвижниот имот.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 08-9732/3**
**30.10.2020 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска**